На ден 10.07.2007 година Советот на ИКТ Експерти при Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје го усвои следниот

**С Т А Т У Т**

**на Советот на Експерти за Информатички и Комуникациски Технологии при Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје**

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат подробностите во поглед на организацијата, работењето, финансирањето и престанокот на Советот на Експерти за Информатички и Комуникациски Технологии (*во понатамошниот текст: Совет на ИКТ Експерти*) основан со Статутот на Собранието на Комората МАСИТ, а пред се целите и задачите на истиот.

**Член 2**

Советот на ИКТ Експерти е Здружение основано во рамки на Комората МАСИТ и истиот во име на Комората МАСИТ ќе работи на воспоставување комуникација и давање придонес во работењето и остварувањето на целите на Комората МАСИТ дефинирани со нејзиниот Статут преку користење на поединечните и колективните експертски знаења на поединците од профилот на информатичката и комуникациската технологија со статус на експерти и реномирани референтни познавања од ИКТ технологијата во деловната заедница во Република Македонија како и на други лица кои со своето професионално однесување даваат придонес во развојот на ИКТ индустријата.

Целосното име на Здружението е: Совет на Експерти за Информатички и Комуникациски Технологии при Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје.

Скратено име на Здружението е : Совет на ИКТ експерти**.**

Советот на ИКТ Експерти, низ оперативни и конкретизирани активности преку советување и препораки и помага на Комората МАСИТ во развојот на ИКТ индустријата за:

- развој на пазарно стопанство, слободно претприемаштво и поттикнување конкуренција во ИКТ секторот
- подобрување на ефикасноста на работењето и работата на членовите и нивната организираност и оспособување на ИКТ кадрите
- давање стручна помош на членките во развој на одделни ИКТ дејности, усвојување и воведување на современи технологии и методи на работење во ИКТ индустријата и во работењето воопшто
- поттикнување и координирање на истражувањата и развојот на техничко-технолошките достигнувања
- обезбедување на квалитетна и стручна помош и деловни услуги за членовите на Комората МАСИТ
- воспоставување и развој на стопанска соработка со странство, со посебна насоченост кон промоција на стоките и услугите, економската пропаганда, организирање на саеми, учество во развивањето на надворешно трговските работи и соработка со коморите и организациите од другите држави

- забрзување на развојот на ИКТ стопанството
- организирање стручно ИКТ оспособување, преквалификација и доквалификација на стручни кадри
- востановување на постојана комуникација во полза на осовременување и унапредување на образовните процеси и програми во Република Македонија во смисла на имплементирање на ИКТ технологиите во образовните процеси и во смисла на продукција на квалитетни ИКТ кадри
- развивање и организација на единствен организациски систем и деловно информирање за значајни податоци од домашната и светската економија за развојни проекти, актуелни специјализирани информации од кредитно-монетарната, даночната, царинската политика и пазарот, технологијата и извозно-увозните можности
- подготвување на законодавството во областа на ИКТ стопанството, мерките и механизмите на стопанскиот систем и економската политика и утврдување на макроекономската и развојната политика и информирање за подготовките и промените на законските и другите процеси од ИКТ стопанството
- давање на мислења од ИКТ областа

**Член 3**

Советот на ИКТ Експерти е посебно тело со статус на Здружение со функција на советодавен орган - Совет на Комората МАСИТ, со одделно дефиниран статус преку овој Статут.

Својството од став 1 на овој член се стекнува со денот на неговото конституирање, а по усвојување на овој Статут од страна на Собранието на Комората МАСИТ.

**Член 4**

Членките на Советот на ИКТ Експерти се должни да постапуваат совесно и чесно, во име на добриот углед на Комората МАСИТ и самиот Совет и не можат со своето поведение директно или индиректно да генерираат последици штетни за деловната политика и добриот углед на Советот и Комората.

Членките на Советот на ИКТ Експерти не смеат лукративно да го користат својот статус на член и својот ангажман во Советот на ИКТ Експерти за остварување на тесни сопствени цели и интереси или тесни интереси и цели на трети лица и групации на сметка или штета на Советот или на Комората МАСИТ..

**Член 5**

Членови на Советот на ИКТ експерти може да бидат единствено физички лица, државјани на Република Македонија или лица со постојан престој во Република Македонија, со деловна способност согласно македонското законодавство кои се вработени во јавниот сектор, образованието, независните органи, организации, установи и институции или се независни лица, невработени лица, пензионери како и лица вработени во компании кои не се членки на Комората МАСИТ.

Во колку член на Советот на ИКТ Експерти се вработи во компанија членка на МАСИТ, членството во Советот на ИКТ Експерти по автоматизам му престанува.

Членувањето во Советот на ИКТ Експерти е доброволно, но членот има обврска на активна и редовна партиципација во работењето на Советот и телата за кои изразил интерес. Во случај на спреченост, членот е должен благовремено да го најави своето отсуство.

За членување во Советот на ИКТ Експерти секој член плаќа годишна членарина, која се утврдува со Правилник за членство и членарина на Советот на ИКТ Експерти, кој се усвојува од страна на Советот на ИКТ Експерти во рок од 30 дена од редовната годишна конференција на Комората МАСИТ.

**Член 6**

Советот на ИТК експерти се состои од најмалку 20 членови.

Мандатот на членувањето во Советот на ИКТ Експерти трае две години сметано од денот на редовното годишно Собрание на Советот, со можност за негово продолжување без ограничување на бројот на мандатите, по оценка на УО на Комората МАСИТ, а по претходна согласност на членот потврдена со писмена изјава до извршната канцеларија на МАСИТ.

Член на Советот на ИКТ Експерти се станува по покана од УО на Комората МАСИТ, а на основа препорака од Претседавачот или член на Советот на ИКТ Експерти и Претседавачите на работните групи на Комората МАСИТ, под критериуми и услови препорачани од истите, а на основа донесена Одлука и потпишана пристапница, се во согласност со Правилникот за членство на Советот на ИКТ експерти.

Статусот член на Советот на ИКТ Експерти се стекнува по прием на лицето поканeто за членство на основа на функција или експертска стручност.

Членовите на Советот на ИКТ Експерти би требало да ја рефлектираат структурата на ИКТ индустријата.

Советот на ИКТ Експерти своите активности ги извршува во области, преку соодветни работни групи кои се во содејство со работните групи дефинирани од страна на Комората МАСИТ, а кои ги формира и именува Советот на ИКТ Експерти.

**Член 7**

Со работата на Советот на ИКТ Експерти раководи Претседавач на Советот на ИКТ Експерти. Претседавачот избира свој Заменик, кој го заменува во случај на негово отсуство.

Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти се бира од редот на членовите на Советот со просто мнозинство од работниот кворум на редовното годишно собрание на Советот кое се одржува најдоцна седум дена пред редовното годишно собрание на Комората МАСИТ, со просто мнозинство и истиот има мандат од 2 години со право на реизбор за уште еден мандатен период од две години.

Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти го претставува Советот пред органите на Комората МАСИТ и пред трети лица во земјата и странство.

Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, преку извршната канцеларија на Комората МАСИТ, ги свикува членовите на Советот на ИКТ Експерти на седници, доставувајќи им го дневниот ред, местото и времето на одржувањето на седницата најмалку седум дена однапред или во покус рок во случаи на итност.

Членовите на Советот, на своето редовно годишно собрание, избираат по еден член на Надзорниот Одбор и Судот на Честа на Комората МАСИТ, и даваат предлог за Претседател на Комората МАСИТ од редот на компаниите членки на Комората МАСИТ.

Доколку на лицата од претходниот став на овој член им престане членството во Советот на ИКТ експерти, по автоматизам им престанува и функцијата во горе-цитираните органи на Комората МАСИТ, па Советот на ИКТ Експерти е должен во рок од 15 дена да ги извести Собранието на Комората МАСИТ , Управниот одбор, Надзорниот одбор  и Судот на честа за новиот предлог.

Мандатот на ново-предложениот член во органите на Комората МАСИТ  е до истекот на мандатот на неговиот претходник.

**Член 8**

Работата на Советот на ИКТ Експерти се одвива преку соодветни Работни Групи или други работни тела, дефинирани од страна на членовите на Советот и во координација со Комората МАСИТ.

На база на неговата стручност и областа на работа на телото/работната група, членот на Советот на ИКТ Експерти ќе избере во која работна група или тело ќе учествува со право на глас.

Членот на Советот на ИКТ експерти покрај во матичната работна група/тело од претходниот став на овој член може да учествува во работата и на други групи/тела, но без право на глас.

Секоја од работните групи на Советот е раководена од Координатор.

Координаторите на работните групи се избираат од страна на членовите на Советот на ИКТ Експерти на изборен состанок на Советот на ИКТ Експерти, еднаш на две години, со мнозинство од присутните членови на Советот на ИКТ Експерти.

Координаторите на работните групи по функција се членови и учествуваат во работата на соодветните Работни Групи на Комората МАСИТ, со право на глас.

**Член 9**

Комуникацијата помеѓу Телата на Комората МАСИТ, од една страна, и Советот на ИКТ Експерти, од друга страна, се врши преку Претседавачите на Телата на Комората МАСИТ и Координаторите на Работните групи на Советот на ИКТ Експерти.

**Член 10**

На состанокот на Советот на ИКТ Експерти може да бидат повикани да присуствуваат претставници на УО, НО, Претседателот на Комората, на извршната канцеларија на МАСИТ, како и претставници на други тела и групи релевантни за предметната проблематика на дневен ред на седницата на Советот на ИКТ Експерти.

За работата на седниците Советот на ИКТ Експерти се води записник од страна на претставник на извршната канцеларија на Комората МАСИТ, кој се изготвува во рок од 7 дена по одржаната седница и се усвојува на следната седница.

**Член 11**

Доколку за поединечни активности на Советот на ИКТ Експерти се потребни посебни финансиски средства, истите можат да бидат одобрени од страна на УО на МАСИТ, а по претходно барање од Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, одобрено или усвоено на редовна седница на Советот на ИКТ Експерти, упатено до извршната канцеларија на Комората МАСИТ.

**Член 12**

Советот на ИКТ Експерти се обраќа кон Комората МАСИТ со препораки, совети и заклучоци кои немаат обврзувачко дејство за Комората МАСИТ, но истата ќе ги земе предвид со должно внимание и уважување.

**Член 13**

Советот на ИКТ Експерти заседава најмалку 4 пати во текот на една мандатна година, по правило на секои три месеци, а по потреба или на барање на УО, НО или Собранието, и почесто.

Седниците на Советот на ИКТ Експерти се одржуваат во просториите на Комората МАСИТ или и на друго место по наоѓање на Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти.

Со седниците на Советот на ИКТ Експерти во смисла на претседавање раководи Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, или во негово отсуство, неговиот Заменик, или некој од координаторите на работните групи.

**Член 14**

Управниот Одбор на МАСИТ може да го свика Советот на ИКТ Експерти во рок од два дена, а како резултат на исклучителни околности или поради причини од голема важност и/или итност. Свикувањето може да го изврши Претседателот на Комората МАСИТ, Претседателот на УО на МАСИТ, неговиот заменик или некој од вработените во извршната канцеларија, преку обраќање до Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, до неговиот Заменик, или во случај на нивно отсуство, до некој од координаторите на работните групи.

**Член 15**

Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти дава континуирани последователни извештаи за работата на Советот на ИКТ Експерти на првата следна седница на Управниот одбор на Комората МАСИТ.

**Член 16**

Седницата на Советот на ИКТ Експерти се свикува со Покана.

Поканата за редовна седница на Советот на ИКТ Експерти се доставува најмалку седум дена пред одржувањето на седницата по електронски пат преку извршната канцеларија на Комората МАСИТ.

Потребните материјали за редовната седница на Советот на ИКТ Експерти се доставуваат најмалку 2 дена пред нејзиното одржување.

Покана за вонредна седница на Советот на ИКТ Експерти се доставува најмалку 2 дена пред одржувањето на седницата.

Потребните материјали за вонредна седница на Советот на ИКТ Експерти се доставуваат најмалку 1 ден пред нејзиното одржување.

Во поканата за седница на Советот на ИКТ Експерти се наведува времето и местото за одржување на седницата како и Дневниот ред.

**Член 17**

Работен кворум на Советот на ИКТ Експерти е најмалку 5 члена, од кои едниот е Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, или неговиот Заменик, или еден од координаторите на работните групи и четири други членови.

Одлуките се носат со просто мнозинство.

Советот на ИКТ Експерти носи одлуки на седници, или во случаи на итност преку интернет гласање, преку електронска пошта, или писмено по факс.

Кај гласање по електронски пат кое трае од 00:00 часот до 24:00 часот во еден ден, одлуките исто така се донесуваат со горенаведеното мнозинство, а како кворум се смета бројот на одѕивот, односно на вкупниот број гласови, но најмалку 5, под услов еден од дадените гласови да е глас на Претседавачот на Советот на ИКТ Експерти, на неговиот Заменик, или на координатор на работна група и 4 други членови.

Секој член на Советот на ИКТ Експерти е претставен само со еден глас.

**Член 18**

Советот на ИКТ Експерти може, заради целите за кои е основан, по одобрение на УО на Комората МАСИТ, да стане член на домашни и странски соодветни здруженија од областа на ИКТ .

**Член 19**

Советот на ИКТ Експерти може да престане со својата работа и постоење на база на одлука на Собранието на Комората МАСИТ, а заради измена на економскиот развој, промени во деловната политика и утврдените развојни приоритети на Комората МАСИТ или од други особено оправдани причини по оценка на УО на Комората МАСИТ.

За престанокот на постоење на Советот на ИКТ Експерти се известува неговиот Претседавач и истиот е обврзан да постапи согласно соодветната Одлука.

**Член 20**

Измената и дополнувањата на овој Статут ги врши Советот на ИКТ експерти, а предлог за истото може да дадат најмалку 5 членови или Управниот Одбор на МАСИТ.

**Член 21**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, __.__.2007

Претседавач на Совет на ИКТ експерти

____________________________

Бул. Партизански Одреди број 4
1000, Скопје, Македонија
www.masit.org.mk
contact@masit.org.mk